Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 26.12.2022

На 25.12.2022 околу 21.00 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.М.(44) од Велес. Тој се сомничи дека од Градскиот зелен пазар во Велес одзел повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе следи соодветна пријава.

На 26.12.2022 во 02.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ш.(24) од с.Љубин затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2022 во 21.50 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.К.(26), Л.Б.(22) и Е.М.(23), сите од Скопје, кои биле со патничко моторно возило „фиат", затоа тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2022 во 19.40 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.П.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2022 на ул.„Ленинова" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода Б.З.(29) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2022 во 04.40 часот на бул.„Борис Трајковски" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.Д.(23) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка и затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.12.2022 во 15.20 часот на ул.„Македонско косовска бригада" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Ц.(43) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана, таблети и дробилка со остатоци од марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 25.12.2022 во 18.35 часот во СВР Штип, од Казнено-поправната установа Затвор Штип било пријавено дека во просторија во полуотвореното одделение била пронајдена и одземена марихуана. Полициски службеници извршиле увид, а марихуната била подигната за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на вчерашниот ден (25.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 383 возачи. Од нив 22 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 198 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 185 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (25.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 148 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 11 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 60 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се пет мерки за нерегистрирани возила, шест санкции за возач почетник, три мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 25.12.2022 во 12.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека на ул.„Саво Тасевски" во Тетово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „мерседес" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ф.Б.(31) од Тетово и мотоцикл со тетовски регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Џепчиште, тетовско. Во несреќата малолетникот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.
На 25.12.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Аеродром, Р.Ј.(42) од Скопје пријавил дека на бул. „Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.
На 25.12.2022 во 17.30 часот, полициски службеници од Полициската станица за гранични надзор Рогачево при Регионалниот центар за гранични работи Север го лишиле под слобода Ј.А.(22) од с. Селце, тетовско. При преглед во возилото „форд фокус" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени 2423 парчиња пиротехнички средства. Имено, на автобуската постојка Беловиште тој со возилото не застанал на знак за запирање, но набргу, на автобуска постојка во с.Першовце бил престигнат и при контрола во возилото биле пронајдени пиротехничките средства. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2022 во 20.00 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово – Полициско одделение Камењане го лишиле од слобода Г.Ф.(24) од Гостивар затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следи соодветен поднесок.

На 25.12.2022 во 11.20 часот во Полициското одделение Групчин, 51-годишен жител на тетовско село пријавил дека бил измамен од сопственик на правно лице за производство на мебел од гостиварско село. Според пријавеното, на 10.09.2022 тој се договорил со лицето да му направи спална соба, по што потпишале договор и веднаш му дал капар од 400 евра, а после тоа во два наврати му дал уште 700 евра. Како што е пријавено, до моментот на пријавувањето, лицето не ја доставило нарачката и не му се јавувало на телефонските повици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци, од кои 14 надвор од населено место и 10 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. На 24/25.12.2022 во периодот од 22.00 до 03.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 9 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 21 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 3 за управување нерегистрирано возило, 1 за технички неисправно возило, 4 за возач почетник и 5 за непрописно паркирање.

На 24/25.12.2022, во периодот од 23.30 до 04.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово на подрачјето на Полициската станица Тетово извршиле акциска контрола во угостителски објекти за точење алкохол на малолетници и присуство на малолетници после 00.00 часот. При контролата, во угостителски објект на улица „Борис Кидрич" во Тетово, сопственост на Н.П.(27), биле затекнати седум малолетници, од кои едниот бил послужен со алкохолен пијалок. По документирање на случајте ќе бидат изготвени соодветни поднесоци.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на СВР Куманово санкционирани се вкупно 206 возачи од кои 124 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 70 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 10 за управување возило без возачка дозвола и 2 за нерегистрирано возило.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против 17-годишен малолетник од кичевското село Лисичани поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При контрола во казино на улица „Кузман Јосифоски-Питу" во Кичево, полициски службеници извршил преглед врз пријавениот и притоа пронашле и одзеле кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против В.Б.(19) од село Велешта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 10.09.2022, пријавениот физички го нападнал Т.Ш.(30) на фарма во село Велешта.

На 25.12.2022 во 12.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Дихонска" во Скопје настанал пожар во куќа сопственост на Ј.И.(50) од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид бил извршен.

На 25.12.2022 во 11.13 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" со тешки телесни повреди бил донесен С.С.(67) од с.Трајковци, скопско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал градежни работи на куќа во с.Суше. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.А.(54) и С.С.(63), двајцата од Република Косово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба на дрзок начин" и „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Во текот на мај и јули 2022 година, пријавените на Градскиот пазар во Кочани одзеле паричници на две лица во кои имало пари, платежни и кредитни картички и лични документи, по што во повеќе наврати од банкомати на две банки извадиле парични средства.

На 26.12.2022 во 00.15 часот во Полициската станица Аеродром, Д.И.(33) од Скопје пријавил дека околу 00.10 часот на своето работно место во угостителски објект на подрачје на Аеродром, по претходна расправија, бил физички нападнат од неговиот колега Д.П.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2022 во 23.50 часот во Полициската станица Драчево, полициски службеници од СВР Скопје, во присуство на родител, извршиле разговор со малолетник од с.Морани, скопско. Тој се сомничи дека, по претходна расправија, со остар предмет нападнал друг малолетник. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.П.(33) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" На 21.12.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин, марихуана, дробилка, ваги и други предмети.

На 25.12.2022 во 15.30 часот во СВР Скопје, Г.Ј.(58) од Скопје пријавил дека, додека извршувал работни активности во двор во близина на неговата куќа во с.Трајковци, скопско, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неговиот сосед Б.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2022 во 01.54 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св. Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен М.Б.(25) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите од воздушна пушка додека бил во својот дом. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Б.Ѓ.(32) од село Пепелиште поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 21. 05. 2022 во Демир Капија, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „опел", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.А. и А.О., двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.12.2022 на улица „Јадранска магистрала" во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, управувано од првопријавениот, а совозач бил второпријавениот, при што кај двајцата биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин.

На 25.12.2022 во 10.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека на подрачје на Ѓорче Петров, поради меѓусебно нетрпение и претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Љ.Ѓ.(62) и К.С.(29), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2022 во 00.52 часот во СВР Скопје било пријавено дека во стан на ул.„Цветан Димов" во Скопје, сопственост на О.С.(59), починал М.Н.(59) од Скопје. Смрт без видливи траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинителот телото на починатиот било дадено на обдукција.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.К.(28) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.12.2022 на ул.„11-Октомври" во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, управувано од пријавениот, при што биле пронајдени и одземени амфетамин, кокаин, марихуана и хашиш смола.

На 25.12.2022 во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека во Градскиот парк во Свети Николе малолетник бил каснат од куче скитник.